РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| ПРИМЕНО: | 19.06.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 4176/1 | 0 | |


**ДО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование, по скратена постапка.

**ПРАТЕНИЦИ:**

Предлагачи: Група пратеници

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА
ЗАКОНОТ ЗА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ, ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

јуни 2026 година, Скопје

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ

Во Законот за средното образование Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" број 44/1995, 16/1996, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 41/2001, 29/2002, 52/2002, 40/2003, 42/2003, 78/2003, 67/2004, 30/2005, 51/2005, 55/2005, 113/2005, 3/2006, 35/2006, 71/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 98/2008, 142/2008, 88/2009, 33/10, 116/10 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 161/19; 76/20, 229/20, 269/23, 78/25, 132/25 и 250/25), во членот 28 во ставот 2 е регулирано дека бројот на учениците во паралелките во јавните училишта не може да биде помал од 25 и поголем од 34 ученици.

Во став 4 од истиот член е регулирано дека паралелка може да се формира и со помал број ученици утврдени во став 2 на овој член, по добиена согласност од основачот, а по претходно позитивно мислење од Министерството. Имајќи предвид дека „мислење" нема задолжително обврзувачка обврска, цениме дека при формирањето на паралелките потребно е министерството да дава согласност заради оптимално и правилно формирање на паралелките.

Со членот 51 од законот се уредува превенирање и спречувањето на насилство во училиштата и е потребно да се зајакне соработката на родителите со училиштата во насока на спречување на насилството врз учениците, кој се јавува како предизвик во рамки на училиштето и во општеството воопшто.

Во член 101-а од законот, е регулирано дека општината може да ја дополни добиената блок дотација, односно наменска дотација за образование со средства од сопствени извори, освен за платите на вработените во училиштата.

Со измената на член 102 став (4) попрецизно се уредува надлежноста за контрола на користењето на буџетските средства наменети за средното образование. Се утврдува дека Министерството за образование и наука ја врши контролата на користењето на средствата распределени за државните средни училишта, додека општините, односно Градот Скопје, ја вршат контролата на користењето на средствата распределени за општинските средни училишта и средните училишта на Град Скопје.

Согласно Реформската Агенда на Западен Балкан 2024-2027, Програмата на Владата 2024-2028, Стратегијата за човечки капитал 2024-2030 година и Стратегијата за образование 2026-2032 преземана е обврска за воведување на нов модел за финансирање и оптимизацијата на училишната мрежа со цел подобрување на квалитетот во образованието.

Заради подобрување на начинот на финансирање на училиштата и оптимизација на училишната мрежа потребно е да согласноста за паралелки со помал број на ученици, да се одобрува односно да се дава согласност од страна на Министерството за образование и наука, со цел оптимизација на училишната мрежа од страна на училиштата и основачите.

Дополнително потребно е да се пропише поголема соработка со родителот, односно старателот на ученикот сторител на насилство во соработката со училиштето и надлежните институции со цел спречување и намалување на насилството меѓу учениците, и во случај кога неговото дете е сторител на насилство, по изречена педагошка мерка да се извести Државниот просветен инспекторат и да се утврди глоба за родителите односно старателите доколку не соработува со училиштето.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целите и начелата на овој закон се согласно целите и начелата во Законот за средното образование.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлог законот не предизвикува дополнителни фискални импликации врз Буџетот и другите јавни финансиски средства.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Овој закон не повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Собранието да расправа по Предлогот на закон по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Член 1

Во Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ број 44/1995, 16/1996, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 41/2001, 29/2002, 52/2002, 40/2003, 42/2003, 78/2003, 67/2004, 30/2005, 51/2005, 55/2005, 113/2005, 3/2006, 35/2006, 71/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 98/2008, 142/2008, 88/2009, 33/10, 116/10 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 161/19; 76/20, 229/20, 269/23, 78/25, 132/25 и 250/25), во член 28 во ставот 4 зборовите: „претходно позитивно мислење“ се заменуваат со зборовите: „претходна добиена позитивна согласност**“.**

Член 2

Во член 51 во ставот (4) по зборовите „овој закон“ се става запирка и се додаваат зборовите: „а за изречената педагошка мерка се известува Државниот просветен инспекторат во рок од три работни дена од изрекувањето на мерката“.

По ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) Родителот, односно старателот на ученик - сторител на насилство врз друг ученик, е должен да соработува со училиштето и со други надлежни институции согласно закон.“.

Ставовите (5), (6) и (7) стануваат ставови (6), (7) и (8).

Член 3

Во член 101-а запирката по зборот „извори“ се заменува со точка и зборовите „освен за платите на вработените во училиштата“ се бришат.

Член 4

Во член 102 ставот (3) се менува и гласи:

„ Министерството го контролира користењето на средствата кои се распределуваат од Буџетот на Република Северна Македонија за потребите на државните средни училишта. Општината/Градот Скопје го контролира користењето на средствата кои се распределуваат од Буџетот на Република Северна Македонија за потребите на општинските средни училишта односно средните училишта на Град Скопје.“.

Член 5

Во член 109-а во став (1) по алинејата 5 се додава нова алинеа,, која гласи:

„- формира паралелка со помалку од 25 ученици без добиена согласност од Министерството (член 28 став (4) од овој закон),“.

Во ставот (2) зборовите: „алинеи 1, 5, 8 и 10“ се заменуваат со зборовите: „ алинеи 1, 5, 9 и 11“.

По ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) На родителот односно старателот на ученик сторител на насилство од член 51 став (4) од овој закон, за секое сторено насилство, како и доколку не соработува со училиштето согласно член 51 став (5) од овој закон му се изрекува глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност.“.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

I.ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со членот 1 се уредува дека во член 28 во ставот (4) зборовите „претходно позитивно мислење“ се заменуваат со зборовите „предходно добиена позитивна согласност“, односно дека основачот на средното училиште може да формира паралелка со помалку од 25 ученици, по добиена позитивна согласност од Министерството.

Со членот 2 се уредува членот 51 каде во ставот (4) по зборовите „овој закон“ се става запирка и се додаваат зборовите „а за изречената педагошка мерка се известува Државниот просветен инспекторат во рок од три работни дена од изрекувањето на мерката“ и по став (4) се додава нов став (5) со кој родителот, односно старателот чие дете е ученик - сторител на насилство врз друг ученик, родителот, односно старателот е должен да соработува со училиштето и со надлежни институции согласно закон.

Целта е да се влијае и врз родителите и да се подобри соработката помеѓу училиштето, надлежните институции и родителот, особено во насока на зајакнување на улогата на родителот, односно старателот како фактор кој има значајна улога во воспитување на своето дете со цел да се превенира и намали насилството меѓу учениците. Имено, праксата покажа дека често недостига или е недоволна соработката помеѓу училиштето и родителот/старателот, особено кога имаме случаи кога ученикот е сторител на насилство врз друг ученик. Правилник за начинот за пријавување и заштита на ученик-жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување (средно образование) уредува на кој начин училиштето постапува во различни ситуации на насилство, но праксата покажува недостаток на соработка на родителите и неприфаќање на мерките предложени од страна на училиштето и другите надлежни институции (Центарот за социјални работи и Министерството за внатрешни работи) кои се предлагаат со цел надминување на настаната состојба со стореното насилство и неповторување на истото.

Со членот 3 се уредува членот 101-а кој гласи дека општината може да ја дополни добиената блок дотација, односно наменска дотација за образование со средства од сопствени извори, освен за платите на вработените во училиштата. Со овој закон се предлага во членот 101-а да се избришат зборовите „освен за платите на вработените во училиштето“ за непречено одвивање на воспитно-образовниот процес, а во насока на подецентрализирано управување со одговорностите на општините.

На ваков начин се дава законска можност на градоначалникот да дополнува во блок дотациите и се очекува дека градоначалниците и општините ќе планираат само реални вработувања во насока на оптимизирана училишна мрежа и во рамки на расположивите средства кои се префрлаат од блок дотациите. На тој начин ќе се започне со целосна имплементација на одредбите од Законот за средното образованание кои пропишуваат дека една паралелка има од 25 до 34 ученици.

Воедно ова е во функција и на спроведување на оптимизацијата на училишната мрежа, а со цел обезбедување на подобар квалитет во средното образование и реалокација на ресурси за подобрување на капацитетите и условите во училиштата, а со тоа и на резултатите од учење на учениците.

Со членот 4 се уредува надлежноста за контрола на користењето на буџетските средства наменети за средното образование. Се утврдува дека Министерството за образование и наука ја врши контролата на користењето на средствата распределени за државните средни училишта, додека општините, односно Градот Скопје, ја вршат контролата на користењето на средствата распределени за општинските средни училишта и средните училишта на Град Скопје.

Со членот 5 во делот на прекршочните одредби се дополнува членот 109-а, став (1) по алинејата 5 се додава нова алинеа 6, која регулира дека ќе се казни со глоба директорот на средното училиште ако организира паралелка со помалку од 25 ученици без добиена позитивна согласност од Министерството.

По ставот (4) се додава нов став (5), кој регулира дека на родителот/старателот на ученикот кој е сторител на насилство од член 51 став (4), му се изрекува глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност за секое сторено насилство, како и доколку не соработува со училиштето. Со предложената измена се уредува дека по изречена педагошка мерка врз ученик сторител на насилство, во рок од три работни дена училиштето треба да го извести Државниот просветен инспекторат, со цел истиот да изрече глоба за родителот/старателот.

Со членот 6 се уредува влегувањето во сила на овој закон.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во одредбите од овој закон се меѓусебно поврзани и истите прават една правна целина.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со овој закон се доуредува Законот за средното образование во насока на спроведување на оптимизацијата на училишната мрежа, како и глоба за родителот чие дете е сторител на насилство, односно не соработува со училиштето со цел надминување и превенирање на насилство.

## ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ

Член 28

Воспитно-образовната дејност во средните училишта се организира и се изведува во паралелки, групи и индивидуално.

Бројот на учениците во паралелките во јавните училишта не може да биде помал од 25 и поголем од 34 ученици.

По исклучок од ставот 2 на овој член, во услови на вонредните околности од членот 23 став 3 од овој закон, Владата го утврдува максималниот број на учениците во паралелка.

Паралелка може да се формира и со помал број ученици утврдени во став 2 на овој член, по добиена согласност од основачот, а по претходно позитивно мислење од Министерството.

Член 51

(1) Телесното казнување и психичкото малтретирање на ученикот е забрането.

(2) Во средното училиште се забранува секаков вид на насилство над ученик, направено од друг ученик во училиштето, наставник или друг вработен во училиштето или родител на ученик во средното училиште.

(3) Ако ученикот за време на престојувањето во средното училиште е жртва на физичко насилство од наставник или друг вработен во средното училиште, за наставникот или другиот вработен во средното училиште се поведува дисциплинска постапка за сторени потешки прекршувања на работните задачи и истото претставува основ за престанок на работниот однос со отказ, согласно прописите од областа на работните односи.

(4) Ако ученикот за време на престојувањето во средното училиште е жртва на физичко насилство од друг ученик од средното училиште, против ученикот кој го сторил физичкото насилство се поведува постапка за изрекување на педагошка мерка, согласно член 57 од овој закон.

(5) Ако ученикот за време на престојувањето во средното училиште е жртва на физичко насилство од родител на ученик од средното училиште, директорот на средното училиште веднаш нападот го пријавува во Министерството за внатрешни работи и Центарот за социјални работи, кои постапуваат согласно своите надлежности.

(6) За наставникот кој не ги извршувал своите работни задачи за спречување на нападот над ученик или не интервенирал за време на нападот над ученик, се поведува дисциплинска постапка за сторени потешки прекршувања на работните задачи и истото претставува основ за престанок на работниот однос со отказ, согласно прописите од областа на работните односи.

(7) Доколку директорот на средното училиште имал сознание дека може да се случи напад над ученик во средното училиште и за истото не презел мерки или не го пријавил секој облик на насилство, злоупотреба или занемарување сторено врз ученик од страна на друг ученик, родител односно старател, наставник, стручен соработник или кое било друго лице кое е вработено во средното училиште, до надлежните институции утврдени со закон, за истиот се поведува постапка за разрешување од должноста директор на средното училиште.

Член 101-а

Општината може да ја дополни добиената блок дотација, односно наменска дотација за образование со средства од сопствени извори, освен за платите на вработените во училиштата.

Член 102

(1) Министерството за средствата за финансирање на јавното средно образование донесува финансиски план и програми и годишна пресметка.
(2) Министерството утврдува мерила за распоредување на средствата за државните средни училишта.
(3) Министерството го контролира наменското користење на средствата кои се распределуваат од Буџетот на Република Северна Македонија.

Член 109-а

(1) Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на директорот на средното училиште, ако:
- дозволи организирање и дејствување на политички партии и верски организации во средното училиште и изведува верско образование и се истакнат партиски и верски обележја (член 7 од овој закон),
- се користи печат со несоодветна содржина за заверка на јавните исправи (член 8 од овој закон),
- започне со вршење на дејноста пред донесувањето на решение за исполнетоста на условите за почеток со работа и вршење на дејноста (член 19 од овој закон),
- се реализира план и програма што не е донесена од Министерство за образование и наука (член 22 од овој закон),
- не се оствари годишниот фонд на часови утврден со планови и програми (член 24 од овој закон),
- не е донесена годишна програма за работа (член 29 од овој закон),
- не е донесена развојна програма на училиштето (член 29-а став (2) од овој закон),
- телесно казни ученик, односно психички го малтретира (член 51 од овој закон),
- не се спроведе самоевалуација на училиштето (член 64-б став (1) од овој закон),
- не се води е-дневник врз неделна основа во средното училиште (член 74 став (4) од овој закон) и
- по извршената вонредна интегрална евалуација не се отстранети причините за нарушувањето на воспитно-образовниот процес (член 89-б став (1) од овој закон).

(2) Глоба во износ од 150 до 200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на наставникот во средното училиште за дејствијата од ставот (1) алинеи 1, 5, 8 и 10 на овој член.

(3) На средното училиште за дејствијата од ставот (1) алинеја 3 на овој член, покрај предвидената глоба задолжително ќе му се изрече и прекршочна санкција привремена забрана за вршење на дејност во времетраење од најмногу три години, сметајќи од денот на правосилноста на одлуката.

(4) На директорот на средното училиште за дејствијата од ставот (1) алинеја 3 на овој член, покрај предвидената глоба задолжително ќе му се изрече и прекршочна санкција привремена забрана за вршење на професија во времетраење од најмногу една година, сметајќи од денот на правосилноста на одлуката.